Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 04-181/3
26.01.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

**ОДЛУКА**
**за неизбор на 1 извршител - кандидат за административен службеник за работно место референт за административни работи, Одделение за стручно – административна поддршка на работата на министерството, Сектор за правни работи**

1. За извршител на работно место - УПР 01 01 Г03 000, референт за административни работи во Одделение за стручно – административна поддршка на работата на министерството, Сектор за правни работи – **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.**
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб - страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

**Образложение**

На барање на Министерството за локална самоуправа бр. 04 – 1657/1 од 28.07.2025 година, Агенцијата за администрација на ден 08.08.2025 на својата веб страна и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објави јавен оглас број 1006/2025 за пополнување на 1 работно место со 1 извршител. Со Решение бр. 10 – 2101/9 од 28.11.2025 година, од страна на директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, по извршената административна селекција, подготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-2101/11 од 19.12.2025 година. На 12.01.2026 година, се спроведе испит за административен службеник и се подготви Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-203/3 од 12.01.2026 година во кој е констатирано дека за горенаведеното работно место нема кандидат кој продолжува во фаза 3.

Врз основа на горенаведеното, Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб - страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Државен секретар
м-р Јулијана Павковска Боцевска

Изработил: Елена Кузмановска Митревска

Доставено до:
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk